Агенција за промоција и поддршка на туризмот на
Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit
në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр. 03-111/1
10.02.2023
Скопје / Shkup

АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА И ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ

СКОПЈЕ , ________________ ГОДИНА

СКЛУЧЕН МЕЃУ

ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

И

АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот

на Република Северна Македонија,

претставувана од

**директорот д-р Љупчо Јаневски**

и

општина Демир Капија,

претставувана од

**Лазар Петров, градоначалник**

со следната содржина:

Архивски знак. ____
Рок на чување. ____
____ 20 ___ год.
Потпис.

## Предмет на мемеморандум

### Член 1

Потврдувајќи ја заедничката заложба , интерес и  унапредување на соработката во областа на туризмот како и споделување на заеднички искуства кои што се значителни за туристичкиот потенцијал, превземање на напори, зацврстување на пријателските односи, Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија и општина Демир Капија се согласија да бидат потписници на овој меморандум.

## Цели на меморандум

### Член 2

Страните потписнички на овој меморандум ќе работат на зацрстување на соработката преку заедничко делување и реализирање на домашни и меѓугранични проекти кои ќе имаат за цел да придонесат заедничка промоција на туристичките потенцијали дома и во странство.

### Член 3

Страните потписнички на овој меморандум ќе воспостават поволна рамка за инвестиции во областа на туризмот, преку поддршка и давање препораки, проширување на мрежата на соработка со други институции како и меѓусебно информирање за постигнатите резултати произлезени од сите видови на туризам (културен туризам, рурален туризам, еко туризам, организиран и индивидуален итн).

### Член 4

Страните потписнички ќе ги разменуваат  протокот на сите информации, вклучувајќи ги и статистичките податоци од областа на туризмот, ќе придонесат во размена на искуство во туристичката индустрија преку учество на конференции и самити како и организирање на работилници со цел

подигање на интелектуалниот капацитет и човечките ресурси на двете институции.

Член 5

Страните потписнички ќе се заложат да создадат нови туристички производи, но и во подобрување на политиките и развојот на приватниот сектор во туризмот.

## Општи и завршни одредби

### Член 6

Страните потписнички на овој Меморандум се согласни дека во процесот на реализација на одредбите утврдени со истиот, доколку е потребно можат да вршат дополнувања или измени на истиот во насока на поголема ефикасност во реализација на взаемно утврдените цели и преземени обврски.

### Член 7

Активностите и соработката на овој меморандум не предизвикуваат никакви финансиски импликации и ги почитуваат правилата и прописите воспоставени од страните потписнички. Сите активности за кои ќе бидат потребни финансиски средства ќе бидат уредени со посебен договор.

### Член 8

Во насока на реализацијата на одредбите на овој Меморандум, страните-потписнички изјавуваат дека се во целост свесни за сопствените цели и интереси кои со истиот ги изразуваат, како и правната сила на утврдените преземени обврски.

Одговорни институции за спроведување на целите во меморандумот се:

- Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија / Република Северна Македонија
- Општина Демир Капија

Во случај на промена на имињата или функциите на овластените тела, страни пописнички ќе се известат едни со други преку државните канали.

## Член 9

Овој Меморандум влегува во сила на денот на потпишувањето од страна на потписници

Овој Меморандум се склучува на неопределено време.

Двете договорни страни може еднострано да го раскинат овој Меморандум, со достава на писмено известување до другата договорна страна, доколку другата страна не се придржува до одредбите на овој Меморандум, и истиот ќе се смета за раскинат по истекот на 10 дена од приемот на писменото известување.

## Член 10

Овој Меморандум е составен во 4 еднообразни примероци, во две оригинални копии на македонски јазик.

ОПШТИНА
ДЕМИР КАПИЈА

ГРАДОНАЧАЛНИК

Лазар Петров

АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И
ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКТОР

д-р Љупчо Јаневски